ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 25-228/13

Дата: 11.03.2011

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ФОНД ЗА РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи за 2009 година на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (во натамошниот текст Агенција) – Фонд за развој на човечки ресурси (во натамошниот текст Фонд) на сметката отворена во Комерцијална Банка АД Скопје, заедно со ревизија на усогласеност.

Не е вршена ревизија на финансиските извештаи на Фондот за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.

Со ревизијата е констатирано дека најголема пречка при нејзиното извршување претставува недостигот на основната документација на Фондот, поради што не е можно да се добие вистинска слика за планирањето, работењето, важноста и неопходноста од неговото постоење. Во недостиг на важни одлуки од Управниот одбор на Фондот, како и записници од одржани состаноци ревизијата не се увери во одговорното и редовното работење на истиот. Исто така, сметководствената евиденција се води од страна на сметководствено биро, а лицата кои биле одговорни за работата не се од редот на редовно вработените лица во Агенцијата, туку биле ангажирани преку агенција за привремено вработување. Поради тоа, откако Фондот престанал да функционира (јануари/февруари 2010 година), не е водена грижа за целокупната документација. Сите овие околности, како и невоспоставените интерни контроли претставуваат голем ризик за економично,

наменско и законско трошење на средствата, како и за точно и ажурно водење на сметководствената евиденција.

Изразено е мислење со резерва за вистинитото и објективното прикажување на финансиската состојба и резултатот од финансиските активности во финансиските извештаи, додека за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики, ревизијата не беше во можност да даде мислење.

Во законскиот период за поднесување на забелешки на Нацрт извештајот, од страна на раководителот на Фондот за развој на човечки ресурси добиени се забелешки на точките 3.2.1, 3.3.1, 3.3.3, 3.3.4, 3.3.5. и 3.3.6. од Нацрт извештајот за извршената ревизија, при што делумно се прифаќаат забелешката на точките 3.2.1. и 3.3.1, додека забелешките на точките 3.3.3, 3.3.4, 3.3.5. и 3.3.6. не се прифатени заради тоа што со забелешките не се доставени дополнителни докази кои би биле во прилог на истите.

**Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 9 и 10 заедно со ревизија на усогласеност на Фондот, на сметката која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.
1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.
1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Фондот за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.
1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

› Роман Пападимитров, раководител на Фондот.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека

активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на Фондот се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.

Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 1. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата не обезбеди документи и акти потребни за дефинирање на начинот на функционирање на овој проект, начинот на менаџирање, контрола и реализација на истиот. Поради наведеното, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме

основа за изразување ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 13/12/2010 до 10/01/2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 2. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството во Агенцијата и одговорните лица на Фондот– предмет на ревизија.
Треба да се истакне дека во 2010 година Фондот повеќе не функционира поради што ревизијата не дава препораки за констатираните наоди.
Во законскиот период за поднесување на забелешки на Нацрт извештајот, од страна на раководителот на Фондот за развој на човечки ресурси добиени се забелешки на точките 3.2.1, 3.3.1, 3.3.3, 3.3.4, 3.3.5. и 3.3.6. од Нацрт извештајот за извршената ревизија, при што делумно се прифаќаат забелешката на точките 3.2.1. и 3.3.1, додека забелешките на точките 3.3.3, 3.3.4, 3.3.5. и 3.3.6. не се прифатени заради тоа што со забелешките не се доставени дополнителни докази кои би биле во прилог на истите.

### 3.1. Интерни контроли

3.1.1. При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на плаќање, ревизијата констатира дека начинот на кој што Фондот бил организиран и ја вршел својата активност, не обезбедувал следење и уредно евидентирање на финансиската документација, во услови на недоволно дефинирана организациона структура, несоодветно разграничување на надлежностите и одговорностите меѓу вработените и јасно дефиниран систем за одобрување на трансакциите. Ова се должи на отсуство на пишани процедури за движење на документацијата и не назначено лице за ликвидирање на документацијата, за математичка и логичка контрола на финансиските документи, како и контрола дека стоката е набавена или услугата е извршена.

Во услови на непостоење на контролни постапки констатиран е ризик од грешки и можност за ненаменско, неекономично и незаконско користење на средствата на Фондот.

### 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Во текот на ревизијата е побарана, но не е добиена следната документација :

- Годишна програма на активности;
- Финансиски план;
- Бизнис план;

- Деловник за работа на Генералното Собрание;
- Годишен извештај за 2009 година од Управен одбор;
- Тримесечни извештаи од директорот на Фондот до Управниот одбор;
- Извештај од Управниот одбор за извршен надзор над Фондот и
- Одлуки од Управниот одбор на Фондот за именување на директор на Фондот и назначување на други вработени како и одлука за одредување на нивниот надомест.

Изготвувањето на овие документи било обврска на одговорните лица, дефинирани во одредбите од Статутот на Фондот.
Покрај горенаведените документи , на увид не се доставени и:

- Пристапници на основачите на Фондот (членови на Генерално Собрание);
- Листа на членови на Управен одбор;
- Договорите за ангажирање на две лица (раководител и административен секретар) од страна на Фондот и
- Одлука за висината на благајничкиот максимум.

Од страна на одговорното лице во Фондот добиен е одговор дека постојат неколку причини за непостоење на овие документи. Имено, пред завршување на проектот, во текот на летото 2009 година, Државниот инспекторат за техничка инспекција насилно влегол во просториите каде што бил сместен Фондот, при што голем дел од документите се уништени, односно се исфрлени, а за овој настан било известено и Министерството за внатрешни работи. Останатите документи, по завршување на проектот се префрлени во Агенцијата, но истите не се уредно чувани.

Со ревизијата е констатирано дека доставената Пријава на овластени лица за располагање со средствата на Фондот е од декември 2006 година и на истата како потписници фигурираат Владимир Сарач поранешен директор на Агенцијата со назнака „колективно за двајца„ и Роман Пападимитров, раководител на Фондот со назнака „поединечно до 30 илјади денари„. Оваа Пријава не е ажурирана со оглед на фактот дека првото лице повеќе не е директорот на Агенцијата, а на налозите за плаќање се потпишувал раководителот на Фондот не водејќи сметка на даденото ограничување.

Во отсуство на наведените документи кои имаат значајна улога во делот на функционирање на Фондот, менаџирање со истиот и начинот на користење на средствата, ревизијата има ограничување на делокругот и заради фактот што не се обезбедени ревизорски докази, не е во можност да формира мислење во овој дел.

3.2.2. Согласно член 10 од Деловникот за работа на Управен одбор на Фондот, седниците се свикуваат од страна на Претседателот на Управниот одбор најмалку еднаш на два месеци. Ревизијата на увид не доби ниту еден записник од одржана седница во 2009 година, поради што не се увери дека имало активности во оваа година.

## 3.3. Финансиски извештаи

3.3.1. Ревизијата утврди дека во повеќе случаи извршени се плаќања врз основа на нецелосна документацијата, при што се потрошени 94 илјади денари. Имено, како потврда за оправданоста на извршените плаќања недостасуваат:

- Сметки за ангажирање на двајца консултанти, за материјални трошоци и трошоци за изнајмување и текстура при организирање на четиридневен семинар за што се исплатени 60 илјади денари;
- Договор со агенцијата за обезбедување на просторот и сметки за репрезентација за што се потрошени вкупно 34 илјади денари и
- Документи каса прими и каса исплати кои треба да бидат составен дел на благајничките извештаи при приемот односно исплатата на средства од благајната.

3.3.2. Во текот на 2009 година наплатени се средства по основ на членарини во вкупен износ од 25 илјади денари, при што во прилог на сметководствената евиденција недостасуваат излезните фактури, како доказ дека приходите по овој основ се целосно и навремено наплатени.

Констатираните неправилности не се во согласност со член 10 на Законот за сметководството за непрофитните организации, каде е наведено дека внесувањето на податоците во нивните деловните книги треба да се заснова врз веродостојни, вистините и уредни сметководствени документи со што се докажува настанатата финансиска промена, односно трансакција.

Извршеното плаќање врз основа на некомплетна документација може да доведе до нееекономично, ненаменско и незаконско користење на паричните средства.

3.3.3. Во 2009 година преку Агенции за заштита и остварување на авторско и сродно право се ангажирани 14 лица и со истите се склучени договори за консултантски услуги. За оваа цел исплатени се вкупно 1.383 илјади денари. При тоа, констатирани се следните неправилности:

- Од страна на Управниот одбор на Фондот не се донесени одлуки за ангажирањето на консултантите, како и за одредување на висината на нивниот надомест, односно ревизијата не доби одговор дали е вршен избор на консултантите, дали постојат критериуми врз основа на кои

истите се ангажирани како и критериуми кои ја одредуваат висината на нивните надоместоци ;

- Во договорите за консултантски услуги покрај описот на работите за кои што тие се ангажирани, не е пропишана обврска за изготвување извештаи за извршената работа. Со оглед на фактот дека во сметководствената документација кон извршените плаќања нема приложено извештаи, ниту друга потврда за нивното работење, ревизијата ги побара извештаите од активностите на консултантите, при што до завршувањето на ревизијата беа презентирани неколку од нив, но истите се без потпис и печат. Поради тоа ревизијата изразува резерва во однос на оправданоста на исплатените средства.

Недостигот на контролни постапки за утврдување на оправданоста на потрошените парични средства претставува ризик од ненаменско користење на средствата.

3.3.4. Според Записникот за извршен увид и евиденција на опрема која се наоѓа во просториите на Фондот бр.04-5909/2 од 02.06.2009, составен од страна на трichлена комисија од Министерството за економија, ревизијата констатира дека се работи за опрема која ја користел Фондот за редовното работење, но истата не е евидентирана во сметководствената евиденција на Фондот и за истата не е пресметана амортизација. Наведеното не е во согласност со член 90 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и член 22 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации.

3.3.5. На позицијата Опрема евидентирани се средства со набавна вредност од 58 илјади денари, при што ревизијата, со исклучок на набавените во 2009 година (13 илјади денари), не доби информација за каква опрема се работи. Според одредбата 23.4 од Статутот откако Фондот ќе престане да работи, основните средства треба да се вратат на Министерството за економија, при што ревизијата не обезбеди доказ за оваа активност. За предметната опрема не е извршен попис.

Овие неправилности влијаат на реалното и објективно искажување на состојба на опремата во финансискиот извештај Биланс на состојба на ден 31 декември 2009 година.

3.3.6. Според додатокот 1 на Статутот на Фондот, основачите на Фондот се должни да плаќаат годишни придонеси, чии износ се движи од 100 до 500 евра, во зависност од тоа дали се работи за комори или здруженија, здруженија на консултанти, комерцијални компании, организации, институции за обука и образование или локални и регионални власти. Од разговорот со раководителот добиена е информација дека Фондот има 47 основачи. Имајќи предвид дека во 2009 година наплатена е членарина од четири основачи, со остварен приход од 25

илјади денари, ревизијата констатира дека сметководствено не се евидентирани побарувањата по основ на ненаплатена членарина од другите основачи.

Оваа неправилност не е во согласност со член 2 од Законот за сметководството на непрофитните организации, според кој истите се должни да водат сметководство со цел точно, вистинито, сеопфатно и ажурно искажување на билансните позиции. Поради тоа состојбата на побарувањата во финансискиот извештај Биланс на состојба не се реално и објективно прикажани.

## 4. Ревизорско мислење

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.3.1, 3.3.2, 3.3.3, 3.3.4, 3.3.5. и 3.3.6. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Фондот на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Поради ограничувањето на делокругот објаснет во точката 3.2. ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Фондот, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 07/03/2011 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од услуги | 1,143 | 858 |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 2 | 4 |
| Приходи од членарини | 1,353 | 628 |
| Други приходи | 0 | 534 |
| Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 881 | 711 |
| **Вкупно приходи** | **3,379** | **2,735** |
| **Расходи** | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 323 | 373 |
| Други расходи | 1,851 | 554 |
| Капитални и други средства | 13 | 37 |
| Помошти, донации и други давачки | 0 | 27 |
| Плати и надомести на плати | 1,171 | 863 |
| **Вкупно расходи** | **3,358** | **1,854** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **21** | **881** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 21 | 881 |
| Побарувања | 1 | 1 |
| **Вкупно тековни средства** | **22** | **882** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 37 | 35 |
| **Вкупно постојани средства** | **37** | **35** |
| **Вкупна актива** | **59** | **917** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 22 | 882 |
| **Вкупно тековни обврски** | **22** | **882** |
| **Извори на деловни средства** | | |
| Деловен фонд | 37 | 35 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **37** | **35** |
| **Вкупна пасива** | **59** | **917** |

**До:** Државен завод за ревизија на Република Македонија

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Примено: 25.02.2011
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
25 | 228/10 | |

**Предмет:** Одговор на Нацрт записникот за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2009 година (бр. 2010 02 81/2 од јануари 2011)

Во врска со Вашиот нацрт извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година, истиот е внимателно разгледан и анализиран, врз основа на што се доставува одговор и појаснувања на некои позиции.

Фондот за развој на човечки ресурси (Фонд) е креиран за време на спроведувањето на проектот поддржан од страна на ЕУ преку канцеларијата на ЕАР уште од 2005 година, а кој траеше до крајот на 2008-та година. Истиот беше реализиран од две меѓународни консултантски куќи согласно условите на ЕУ. Во текот на втората фаза на проектот, со цел да се обезбеди одржливост и континуитет на она што се спроведуваше од проектот, се создаде иницијатива во координација со Министерството за економија и АППРМ, да се формира локална институција која ќе ги продолжи и надогради стекнатите знаења и услуги кои се нудеа на МСП. За таа цел, во јуни 2006 год. е формиран Фондот со идеја да биде некој тип на јавно-приватно партнерство, во кое покрај Министерството за економија и АППРМ беа вклучени и 45 основачи (приватни компании, консултанти, асоцијации, универзитети и сл.), кои потпишуваат меморандум за разбирање со Министерството за економија.

Сепак, по завршувањето на Проектот финансиран од ЕУ, Фондот продолжи да работи уште една година (2009 год.), во која повеќето основачи не пројавија интерес за учество во него. Главна причина за тоа беше неможноста да се најде правна рамка за регистрација на Фондот, односно **предвиденото јавно-приватно партнерство не беше возможно. Тоа беше и главна причина за неплатената членарина за 2009 година**. Согласно ваквата ситуација и УО во текот на 2009 год. престана со работа.

**Имајќи го ова во предвид, Фондот никогаш не доби правен легитимитет и функционираше како Проект, и согласно тоа има изготвувано документи според проектните принципи.**

Во врска со Вашите забелешки ви ги доставуваме нашите забелешки изразени по потточки согласно нацрт Извештајот бр. 2010 02 81/2 од јануари 2011.

Во точката 3.2.1. усогласување со прописи и закони, Фондот имаше изготвено соодветни правни процедури, планови и извештаи за работа и дел од документите што ги

наведувате ви беа доставени на увид. Сепак, сметаме дека е потребно, во интерес на разрешување на работите, да ви бидат доставени повторно следните документи:

- Програма за активности – акционен план 2007-2009 (Прилог 1)
- Програма за активности – акционен план 2009 (Прилог 2)
- Бизнис план 2009-2011 (Прилог 3)
- Бизнис план 2009 (Прилог 4)
- Годишен извештај за 2009 од директорот на Фондот (Прилог 5)

Мора да се нагласи дека, а тоа беше и предмет на дискусија за времетраење на ревизијата, документите што се побарани од УО не се изготвувани, а причина за тоа, како што е наведено погоре, е што по неколку обиди да одржи состанок во 2009 година, УО не успеа во тоа и согласно тоа истиот престана со редовна работа.

Во истата точка се наведува дека пријавата за овластено лице за располагање со средствата на Фондот според податокот од декември 2006 се Владимир Сарач и Роман Пападимитров. Г-нот Сарач беше разрешен од функцијата директор на АППРМ во февруари 2007 година и од тогаш, **немаше обнова на потписниците (причината не ми е позната).** Бидејќи Фондот требаше да продолжи со работа, УО одлучи да се продолжи со непречена работа и потпишувањето да оди само со еден потпис со целосно овластување. Одлуката, за жал, неможеме да ви ја доставиме во прилог, заради тоа што документите од 2007 се целосно уништени. За ова веќе сте известени и ви е доставено известувањето доставено до МВР Скопје за насилното влегување во просториите на Фондот и за уништувањето на документите (наш бр. 03-74/1 од 21.07.2009 год.). Бидејќи сите финансиски трансакции се одвиваат преку надлежните институции, оригинал од Одлуката на УО е доставен до нив, во спротивно доколку тоа не е сторено, неможно е без соодветна документација институциите да дозволат одвивање на сите финансиски трансакции.

Во точката 3.3.1. потточка 1, наведувате дека се извршени плаќања (исплата на плати) врз основа на нецелосна документација. Но, не е наведено, на увид на ревизијате се дадени договорите за ангажиарње на работниците за текот на 2009, месечните пресметки за плати, а дополнително во **Прилог 6** се доставуваат и месечните евидентни листи за редовност, со што документацијата за ангажираните работници и исплатата на плати е целосна.

Во истата точка, во поточка 2, за ангажирање на двата консултанти за реализација на семинар, постои фактура за нивниот ангажман, така што не се потребни сметки за нивен ангажман. Во фактурата е даден описот на услугата. Обуката беше извршена за внатрешна обука на тимот на консултанти/анкетари, ангажирани за спроведување на анализата за потребите од обуки. Во **Прилог 7** е даден дописот од испорачателот на обуката со опис на спроведените активности согласно фактурата.

Во истата точка, во алинеа 3, се бара договорот склушен со агенцијата за обезбедување "Никоб". Иститот беше направен од страна на Проектот финансиран од ЕУ и истиот по автоматизам продолжи по завршувањето на Проектот на крајот на 2008 година. Значи договорот е кај реализаторот на Проектот на ЕУ – Екорис Холандија. Се работи за надомест од нешто над 2.000,00 ден. месечно за неколку месеци од 2009 година.

Во точката 3.3.3. potточка 1 ангажиарењето на консултанти е вршено согласно одлука за ангажирање на консултанти (наш бр. 02-60/1 од 30.12.2008 год.) која беше донесена по завршувањето на Проектот финансиран од ЕУ (**Прилог 8**). Консултантите се избирани од групата на консултанти ангажирани и обучени од страна на Проектот на ЕУ. Надоместоците, се во висина на средствата договорени и исплаќани со претходното нивно ангажирање со Проектот на ЕУ. Целокупната документација за ангажираните консултанти, е дел од сметководствената евиденција на Фондот.

Во потточка 2, од истата точка 3.3.3, со секој ангажиран консултант се потпишувани договори за соработка како и договори со агенциите за нивно ангажирање (доставени се на увид на ревизијата). Согласно годишниот извештај на Фондот, Фондот има испорачано само една обука на ЈУ од областа на здравството – заеднички служби, и иститата е дадена на увид (сепак во **Прилог 9** копија од извештајот). Покрај овој извештај се доставуваат и два други извештаи за направени обуки организирани од Фондот а финансирани од ГТЗ (**Прилог 10 и 11**). Во прилог на истото нагласуваме дека, сите обуки што се организирани се реализирани најодговорно со сите потребни процедури, од потпис на учесниците, програма, презентации, оценка, слики и извештаи за истите.

Според тошка 3.3.4. основните средства кои се во просториите на Фондот, не се евидентирани во сметководствената евиденција на Фондот. Истите не ни можат да се евидентирани во Фондот, затоа што Фондот не е правно лице и истите согласно Записникот за извршен увид и евиденција на опрема на Министерството за економија (бр. 04-5909/2 од 22.06.2009) дадено во **Прилог 12**, се сопственост на Министерството за економија, односно АППРМ. Согласно законот, обврска за нејзино евидентирање има институцијата сопственик.

Според 3.3.5. основните средства се вратени на Министерството за економија како институција сопственик, но**, бидејќи за нив нема официјално и формално примопредавање со пропратна документација, истите не се попишани од Министерството за економија,** затоа што нема влезни фактури за истите (купени се со средства од страна на Проектот на ЕУ и за истите фактури постојат кај консултантската куќа реализатор на проектот), па според тоа не можеле да извршат прием на истите (поради немање на влезен документ и вредност на истатите) – допис од Министерството за економија (бр. 04-5909/2 од 22.06.2009) **Прилог 12**. Оттука, забелешките од точка 3.3.5 не треба да бидат на товар на законските обврски на Фондот.

Според точка 3.3.6. наведено е дека според Статутот, основачите треба да плаќаат годишен придонес во висина од 100 до 500 евра, но истоте никогаш не се примени бидејќи предлог одлуката за членарина не доби одобрение од основачите. Заради наведата причина, одлуката никогаш не доби правна сила ниту примена, бидејќи определената членарина беше оценета како превисока. Согласно одлуката, членките беа обврзни да плаќаат годишна членарина во противвредност на 100 евра.

Во следната алинеа на истата точка 3.3.6, се наведува во Нацрт записникот дека оваа неправилност не е во согласност со член 2 од Законот за сметководството на непрофитни организации. Сметаме дака ваквата констатација од ваша страна е неоснована, бидејќи

Фондот, како што е веќе кажано, **не е непрофитна организација** туку Проект, па оттука не е можно повикување на горенаведената законска регулатива.

Со горенаведеното се надеваме на прифаќање на нашите забелешки и дополнувања, со цел разрешување на дел од дилемите и нејаснотиите што постојат.

Со почит,

Роман Пападимитров

Поранешен Раководител на
Фонд за развој на човечки ресурси

Скопје, 21.02.2011

:

ПРИЛОГ БРОЈ 2

# ОДГОВОР

**на забелешки на констатациите од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година кај Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија – Фонд за развој на човечки ресурси**

Од страна на раководителот на Фондот за развој на човечки ресурси, Роман Пападимитров, проект при Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година без архивски број од Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, а заверени во Државниот завод за ревизија под број 25-228/10 од 25.02.2011 година.

Забелешките се однесуваат на точките 3.2.1, 3.3.1, 3.3.3, 3.3.4, 3.3.5. и 3.3.6. од Нацрт извештајот за извршената ревизија, при што делумно се прифаќаат забелешките на точките 3.2.1. и 3.3.1, додека забелешките на точките 3.3.3, 3.3.4, 3.3.5. и 3.3.6. не се прифаќаат заради тоа што со забелешките не се доставени дополнителни докази кои би имале влијание на наодите.

Забелешката на наодот од точка **3.2.1.** која се однесува на недоставените документи од страна на одговорните лица потребни за известување за работењето на проектот, **делумно се прифаќа**. Имено, документите кои се доставени со забелешките (Акционен план, Програми за активности, Бизнис план) не се архивирани и не се верифицирани со печат и потпис од одговорните лица. Заради наведеното, предметните документи не претставуваат веродостојна документација која треба да го измени наодот. Кон документацијата е приложен Годишен извештај за 2009 година од раководителот на Фондот и истиот се прифаќа. Останатиот дел од текстот е објаснување на настаните случени во минатиот период, што е наведено во Нацрт извештајот.

Забелешката на наодот од точка **3.3.1.** која се однесува на извршени плаќања врз основа на нецелосна документација во вкупен износ од 1,265 илјади денари **делумно се прифаќа**. Кон забелешките дополнително се доставени месечните евидентни листи за редовност на лицата, ангажирани во работењето на Фондот во текот на 2009 година кои не беа презентирани за време на ревизијата и истите **се прифаќаат**, така што наодот во првата алинеја од оваа точка во Конечниот извештај се менува и се однесува за исплата на средства по основ на нецелосна документација во износ од 94 илјади денари. Останатите забелешки на втората и

третата алинеја од оваа точка **не се прифаќаат** заради тоа што со забелешките не се доставени дополнителни докази кои би имале влијание врз наодот.

Забелешката на наодот од точка **3.3.3. алинеја еден** која се однесува на начинот на ангажирање/избор на консултантите и висината на нивниот надомест **не се прифаќа**, од причина што кон забелешките е доставена одлука за ангажирање на консултанти потпишана од раководителот на проектот, а не од Управниот одбор, во која не се дефинирани начинот на избор на консултантите, ниту висината на надоместокот.

Забелешката на наодот од точка **3.3.3. втора алинеја** која се однесува на не пропишаната обврска во договорите за изготвување на извештаи од страна на консултантите, **не се прифаќа**, заради тоа што приложениот извештај се однесува за активност која опфаќа краток период од 2009 година (месец мај), што е наведено во Нацрт извештајот.

Забелешката на наодот од точка **3.3.4.** која се однесува на неевидентирана опрема во сметководствената евиденција на Фондот, **не се прифаќа**, од причина што Фондот располага со сметка отворена во деловна банка, изготвена е завршна сметка и во истата треба да бидат искажани сите средства и обврски со кои располага Фондот. Врз основа на наведеното, останува констатацијата дека одговорните лица не постапиле согласно законската регулатива наведена во Нацрт извештајот.

Забелешката на наодот од точка **3.3.5.** која се однесува на обврската по завршување на проектот на Фондот средствата да се вратат на Министерството за економија, **не се прифаќа**, заради тоа што  не е добиен дополнителен доказ кое ќе влијае на наодот.

Забелешката на наодот од точка **3.3.6.** која се однесува на неевидентирани побарувања по основ на ненаплатена членарина од основачите, **не се прифаќа**, од причина што дополнително не е обезбеден доказ кој ќе влијае на наодот.

Ревизорски тим:

1. ________________
2. ________________

Овластен државен ревизор

____________________________